**20240370873**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 67 став (2) од Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 февруари 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА РЕАЛНОНАПРАВЕНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА МЕДИЈАТОРИ, ЛИЦЕНЦИ ЗА МЕДИЈАТОРИ ВО СПЕЦИФИЧНИ ОБЛАСТИ, ЛИЦЕНЦИ ЗА ОБУЧУВАЧИ НА МЕДИЈАТОРИ И АКРЕДИТАЦИЈА НА ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА НА МЕДИЈАТОРИ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот за висината на реалнонаправените трошоци за издавање на Лиценци за медијатори, Лиценци за медијатори во специфични области, Лиценци за обучувачи на медијатори и акредитација на програми за обука на медијатори, бр.20-582/1 од 5.2.2024 година.
2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1629/7
13 февруари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.